**Коментар на билансот на успех на Комерцијална банка АД Скопје со состојба на 31.03.2010 година**

Во првиот квартал од 2010 година Комерцијална банка АД Скопје работеше во економски амбиент во кој и понатаму се чувствуваат сериозни последици од кризата врз реалниот сектор. Иако во последниот квартал од 2009 година македонската економија официјално регистрираше подобрени статистички податоци, сепак во 2010 година индустриското производство продолжи да се намалува, депозитите на корпоративниот сектор се намалуваат и квалитетот на побарувачката за кредити стагнира. И покрај намалувањето на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Македонија ризиците и неизвесноста во економијата и понатаму се значителни.

Во вакви услови Комерцијална банка АД Скопје оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 151.749 илјади денари кој е за 19,2% поголем од остварениот позитивен финансиски резултат во истиот период минатата година, со што планот за трите месеци е остварен со 55,2%.

Остварените ***нето приходи од камати*** бележат зголемување од 10,1% во однос на истиот период од минатата година, со што тримесечниот план е остварен со 102,9%.

Банката оствари ***нето позитивни курсни разлики*** во износ од 23.243 илјади денари кои во однос на истиот период минатата година се намалени за 18,1%, со што планот за трите месеци е реализиран со 102,2%.

***Нето приходите од провизии и надоместоци*** во периодот 01.01-31.03.2010 година изнесуваат 181.778 илјади денари и во однос на истиот период минатата година бележат зголемување за 9,3%, со што Планот за истиот период е реализиран со 92,6%.

На страната на расходите ***административните расходи*** бележат намалување од 0,8%, додека ***загубите поради оштетување на средства кај дадени кредити и вложувања*** во износ од 243.753 илјади денари бележат намалување од 9,0% во однос на истиот период минатата година.

Во текот на целиот извештаен период Банката нормално и непречено ги остваруваше сите активности, редовно ги извршуваше сите свои обврски и во ниту еден момент немаше одложување во извршувањето на услугите кон клиентите на Банката, што ќе продолжи да се остварува и понатаму.